**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Посебни услови за осигурување на автомобилска асистенција за товарни возила

ПУ-аастов
21-12-мк

## ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

[1] Изразите употребени во овие Посебни услови го имаат следново значење:

**осигурувач** е Триглав Осигурување АД, Скопје;
**договарач на осигурувањето** е лице кое склучува Договор за осигурување со осигурувачот;
**осигуреник** е правно лице чиј имот и/или имотен интерес е осигурен со Договорот за осигурување;
**корисник** е осигуреникот или секое друго лице кое е овластен возач на осигуреното возило;
**полиса** е документ за склучен Договор за осигурување;
**премија за осигурување** е договорен износ кој договарачот на осигурувањето му го плаќа на осигурувачот;
**осигурен случај** е иден, неизвесен и независен од волјата на осигуреникот настан врз основа на кој настануваат обврските на осигурувачот од Договорот за осигурување, односно настан предизвикан од осигурен ризик;
**центар за асистенција** е договорен партнер на осигурувачот кој организира помош во случај на настанување осигурен случај на асистенција, а којшто корисникот треба да го информира по телефон;
**живеалиште** е место на територијата на Република Северна Македонија каде што договарачот/осигуреникот живее и кое е центар на неговите животни активности;
**пакет на покритие** е збир на можни услуги за автомобилска асистенција во согласност со одредбите на овие Услови;
**трошоци за сместување** се трошоците за хотелско сместување на осигуреникот (вклучително и појадок) и трошоците за такси-услуги неопходни за обезбедување на услугите што ги организира и плаќа осигурувачот во согласност со полисата за осигурување. За секое решение за привремено сместување што не го договорил осигурувачот, осигурувачот не е должен да го плати надоместокот;
**кражба** е незаконско одземање на возило, пријавено кај надлежните локални органи/власти;
**обид за кражба** е обид за незаконско одземање на возило, пријавено кај надлежните локални органи/власти;
**франшиза** е учество на осигуреникот во штета;
**вработени** се физички лица за кои е одговорен осигуреникот, кои имаат престој во Република Северна Македонија, и кои управуваат со осигурено возило со дозвола од осигуреникот;
**дефект** се механички, електрични, електронски или хидраулични дефекти на една или повеќе компоненти на возилото што резултира со неможност да се продолжи со употреба на возилото под нормални безбедносни услови;
**пожар** во смисла на овие Услови се подразбира оган надвор од определено огниште или оган што го напуштил тоа место и кој може да се шири понатаму по сопствена моќ;
**замена на пневматик** е издишување или пукање на гумата, со што е невозможно да се продолжи со употреба на осигуреното возило во нормални безбедносни услови;
**странска држава** е која било друга земја освен живеалиштето на осигуреникот;
**материјална штета** е оштетување на возилото предизвикано од ненадејно и непредвидливо дејство од надворешна причина, непредвидливо и надвор од контролата на осигуреникот, вклучувајќи и пожар;
**вандализам** е материјална штета предизвикана единствено од мотивот да се предизвика штета или уништување;
**патување** се приватни или службени патувања направени со осигуреното возило во име на договарачот на осигурувањето;
**имобилизација на возилото** е времето потребно да се спроведе возилото до сервисот за да се изврши поправката по осигурен настан, а која започнува кога возилото пристигнува во сервисот и завршува по завршување на работата;
**возило** е товарно возило и седлест влекач: сите возила со вкупна маса поголема од 3,5 тони кои подлежат на обврската за осигурување, регистрирани во Република Северна Македонија, а кои не се постари од 12 години во моментот на склучување на осигурувањето. Дефиницијата е проширена за приклучно возило (приколка или полуприколка) која ја влече камионот или седлест влекач.
**„Аудатекс“ (Audatex)** е систем кој нуди решение за поедноставна процена на штета на моторни возила врз основа на најшироко прифатена база на податоци во автомобилската индустрија и кој осигурувачот го користи во своето секојдневно работење.

[2] Овие Посебни услови се темелат врз Законот за облигационите односи и Законот за супервизија на осигурувањето, како и останатите подзаконски акти донесени врз основа на овие закони, и на соодветен начин се применуваат на Договорот за осигурување што го склучуваат договарачот на осигурувањето и осигурувачот.

[3] Посебните услови се составен дел на понудата и Договорот за осигурување кој договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот, ќе го склучи со Триглав Осигурување АД, Скопје.

## член 1: осигурени возила

[1] Осигурување на автомобилска асистенција под овие Услови може да се склучи за регистрирани возила чијашто најголема дозволена вкупна маса надминува 3,5 тони.

[2] Возило е секое моторно возило дизајнирано и конструирано за превоз на стока со ознака категорија на возило N2 или N3 и каросерија BA, BB, BC или BD.

[3] Осигурителното покритие важи и за регистрираното приклучно возило (приколка или полуприколката) за времето додека е прикачено за осигуреното возило од ставовите (1) и (2) на овој член.

[4] Предмет на осигурително покритие во никој случај не е стоката или товарот што се превезува со осигуреното возило.

[5] Осигурено возило може да биде само возило за кое е склучено или задолжително осигурување од автоодговорност или каско-осигурување со Триглав Осигурување АД Скопје, освен ако не

е поинаку договорено со полисата за осигурување и за тоа се плаќа дополнителна премија.

[6] За осигурено возило се смета возило за кое се внесени податоци за идентификација на полисата за осигурување врз основа на кои недвосмислено може да се утврди за кое возило станува збор и каде бројот на шасија е задолжителен.

## член 2: осигурен случај на асистенција

[1] Осигурен случај е настан за кој е склучен Договорот за осигурување. Тој мора да биде иден, неизвесен и независен од волјата на договарачот на осигурувањето или осигуреникот, односно кога возилото не е во возна состојба, не е безбедно за натамошно возење или е противправно одземено, а кога корисникот го повикал центарот за асистенција заради услуги на асистенција.

[2] За време на осигурениот случај на асистенција, осигурувачот ги организира асистентските услуги за осигуреникот и ги покрива трошоците за нивно извршување во согласност со овие Услови и избраните пакети за видот на покритие.

[3] Не се смета дека осигурениот случај се случил доколку во случај на настанување на кој било од настаните наведени во член 3 од овие Услови, осигуреното возило се наоѓа на адресата на живеалиште (седиштето) на договарачот на осигурувањето или осигуреникот, освен доколку не е поинаку договорено.

## член 3: видови услуги и пакети за покритие на автомобилска асистенција на товарни возила

[1] Асистенцијата за товарни возила вклучува организирање на услугите и покривање на трошоците за осигурување за:

1) помош на пат поради дефект;
2) извлекување на возило;
3) влечење или транспорт на возило;
4) испорака на гориво;
5) помош во случај на замена на пневматик;
6) пренос (враќање) на возило од странство;
7) трошоци за лежарина (привремен паркинг) на возило во странство;
8) одјава на возилото;
9) отстранување на товарот или стоката од приклучното возило кое има дефект.

[2] Асистенцијата за корисниците вклучува:

1) сместување за времетраење на поправката на возилото;
2) такси-превоз;
3) враќање до живеалиштето;
4) преземање на возилото.

[3] Збирот од услуги за асистенција и обемот на осигурително покритие се дефинирани со пакетите за видови на покритие, како што следува:

S – основен пакет кој обезбедува покритие при: несреќа со материјална штета, пожар, кражба и обид за кражба.

M – напреден пакет кој обезбедува покритие при: дефект, испразнет резервоар за гориво, несреќа со материјална штета, пожар, кражба, обид за кражба.

L – премиум пакет кој обезбедува покритие при: замена на пневматик, дефект, празен резервоар за гориво, несреќа со материјална штета, пожар, кражба и обид за кражба.

Табелата на покритија за автомобилска асистенција за товарни возила со лимити на покритието по пакети на услуги е составен дел од овие Посебни услови (Прилог: Табела 1).

# I. АСИСТЕНЦИЈА ЗА ТОВАРНО ВОЗИЛО

## член 4: помош на пат при дефект

[1] Осигурувачот организира помош на пат поради дефект на возило тогаш кога е можно тоа да се поправи на местото на случување на осигурениот случај.

[2] Осигурувачот ги покрива трошоците за доаѓањето на давателот на услугата за поправка на местото на настанот и трошоците за дадената услуга. Висината на покритието по поединечен осигурен случај е дефинирана во избраниот пакет за видот покритие и може да изнесува најмногу 600 евра.

[3] Осигурувањето не ги покрива трошоците за материјали и резервни делови и осигурувачот не е одговорен за квалитетот на работите и инсталираните делови.

## член 5: излекување на возило

[1] Осигурувачот организира излекување на возилото во случај на осигурен случај на асистенција тогаш кога возилото треба да биде спасено од провалија, ров, кал, вода итн.

[2] Осигурувачот ги покрива трошоците за излекување на возилото или трошоците за лифт или дигалка, но најмногу до 5.000 евра по поединечен штетен настан, независно од избраниот пакет за видот на покритието.

## член 6: влечење или транспорт на возило

[1] Осигурувачот организира влечење или транспорт на комплет возила во случај на осигурен случај за асистенција кога возилата не можат да се поправат на самото место, или возилата не се во состојба на возење или не се погодни за безбедно возење.

[2] Осигурувачот ги покрива трошоците за влечење или транспорт на возилото од местото на настанување на осигурениот случај до најблискиот сервис или работилница.

[3] Осигурувачот не организира и не ги покрива трошоците за дополнително влечење или превоз во истиот осигурен случај на асистенција. По исклучок, под услов да не е можно да се поправи или отстрани дефектот во избраниот сервисен центар, осигурувачот ги организира и ги покрива трошоците за дополнително влечење или транспорт на возилото.

[4] Осигурувачот ги покрива реалните трошоци за влечење или транспорт на возилото по поединечен настан, но вкупно до износите предвидени во избраниот пакет за видот на покритие.

[5] Во земјите каде што се овластени само сервисите за поправка, управувани од полицијата, а во случај на имобилизација на автопатишта или експресни патишта, осигурувачот ги покрива направените трошоци, врз основа на приложените оригинални сметки и во рамките на износот согласно избраниот пакет за видот на покритие.

[6] Осигурувачот не ги организира и не ги покрива трошоците за претовар и превоз на стока во осигуреното возило.

## член 7: испорака на гориво

[1] Осигурувачот организира испорака на гориво кога ќе се појави осигурен случај за асистенција доколку осигуреникот остане без гориво за време на возењето.

[2] Осигурувачот ги покрива трошоците за испорака на гориво во количина доволна за да продолжи возењето до најблиската бензинска станица.

[3] Осигурувањето не ги покрива трошоците за купување на гориво.

## член 8: помош во случај на замена на пневматик

[1] Осигурувачот организира помош при замена на пневматик на возилото доколку е издишан, или при пукање на пневматикот и возилото повеќе не може да се користи безбедно.

[2] Осигурувачот ги покрива трошоците за пристигнување на давателот на услугата и трошоците за обезбедените услуги, т. е. поправка или замена на гуми или влечење или транспорт на возила до најблиската работилница. Висината на трошоците по поединечен штетен настан е дефинирана со избраниот пакет за видот на покритието и може да изнесува максимум 1.500 евра.

[3] Осигурувањето не ги покрива трошоците за материјали и резервни делови и осигурувачот не е одговорен за квалитетот на работите и инсталираните делови.

## член 9: пренос (враќање) на возило од странство

[1] Ако возилото не може да се поправи во странство во рок од 72 часа, а започнатото работење на поправката надминува 5 часа,

и ако трошоците за превоз не ја надминуваат разликата меѓу вредноста на возилото според „Аудатекс“ утврдена на денот на штетниот настан и проценетите трошоци за поправка (во случај на несогласување се зема предвид пазарната вредност утврдена од проценителот), тогаш осигурувачот договора пренос (враќање) на возилото од странство до вообичаениот сервис на осигуреникот и ги покрива направените трошоци за транспорт до максимум 2.000 евра, независно од избраниот пакет за видот на покритието.

[2] Осигуреникот е должен во рок од 48 часа да му ги достави на осигурувачот следниве податоци:

- опис на возилото со детална спецификација на причинетата штета;
- дозвола за пренос (враќање) на возилото од странство потпишана од сопственикот на возилото.

### член 10: трошоци за лежарина (привремен паркинг) на возило во странство

[1] Осигурувачот ги покрива трошоци за лежарина (привремен паркинг) на возило во странство до најмногу 300 евра и за период не подолг од 10 дена, независно од избраниот пакет за видот на осигурителното покритие, под услов возилото да се наоѓа кај изведувачот на влечењето, а не во работилницата што ја извршила поправката. Осигурувачот ќе ги плати трошоците за лежарина (привремен паркинг) откако ќе биде доставена целата документација потребна за законско враќање на возилото во живеалиштето или за одјавување на возилото.

### член 11: одјава на возило

[1] Доколку трошоците за пренос (враќање) на возилото од странство до живеалиштето ја надминуваат неговата пазарна вредност или ако возилото е за отпис, осигурувачот, по приемот на писмената дозвола од осигуреникот, ќе организира одјава на возилото на моменталната локација.

[2] Трошоците за одјава на возило не се дел од осигурителното покритие според пакетите за видот на покритието и нив ги плаќа во целост осигуреникот.

### член 12: отстранување на товарот или стоката од приклучното возило кое има дефект

[1] Во случај на настанување на осигурен случај, центарот за асистенција на осигурувачот може да му понуди можност за отстранување на товарот или стоката од приклучното возило кое има дефект (само ако товарот не е оштетен). Таквата услуга мора да биде одобрена од осигуреникот/крајниот корисник, а плаќањето мора да се изврши пред обезбедувањето на услугата. Осигурувачот не сноси одговорност за ненавремена испорака и оштетување на товарот.

## II. АСИСТЕНЦИЈА ЗА ОСИГУРЕНИКОТ

### член 13: сместување за времетраење на поправката на возилото

[1] Во случај на кражба на возилото или кога поправката на возилото трае подолго од 24 часа во живеалиштето на осигуреникот или 72 часа во странство, осигурувачот ги покрива трошоците за сместување на корисникот во хотел (вклучително и појадок) или трошоците за едно ноќевање во живеалиштето на осигуреникот, или две ноќевања во странство, во износ до максимум 80 евра од ноќевање по корисник.

### член 14: такси-превоз

[1] Осигурувачот ги покрива трошоците за такси-превоз до најмногу 100 километри во случај на осигурен случај, за превоз до хотел, агенција за изнајмување на автомобили, железничка станица, аеродром или сервис каде возилото ќе се поправа, враќање во живеалиштето или преземање на поправеното возило.

### член 15: враќање до живеалиштето

[1] Во случај на кражба на возило или кога поправката на возилото трае подолго од 24 часа во живеалиштето на осигуреникот или 72 часа во странство, осигурувачот ги покрива трошоците за превоз до живеалиштето на осигуреникот со најсоодветни средства на транспорт: билет за воз од прва класа, авионски билет за економска класа, такси-превоз на растојание до 100 километри, изнајмување на автомобил најмногу два последователни дена по осигурениот случај.

### член 16: преземање на возилото

[1] Кога возилото е поправено, или е во возна состојба по кражбата, осигурувачот ги покрива трошоците за билет во еден правец за едно лице, кое ќе го преземе возилото, за најсоодветното превозно средство, вклучително и такси-превоз, авионски билет во економска класа и билети за воз од прва класа.

[2] Трошоците за патарини, надоместок за паркирање, гориво и превоз со брод и слични превозни средства не се покриени со осигурувањето.

### член 17: територијална важност на осигурувањето

[1] Осигурувањето важи за случаи на асистенција коишто настануваат на подрачјето на Република Северна Македонија и на географска територија на Европа.

### член 18: информации

[1] Осигурувачот им дава информации на осигурениците за начинот на отстранување на последиците од штетата причинета со настанување на осигурен случај на асистенција.

### член 19: ограничувања и исклучоци за асистенцијата

[1] Осигурувачот не обезбедува услуги и не ги покрива трошоците ако:

- осигуреникот не поседува важечка документација за возилото: потврда за регистрација, сообраќајна дозвола или потврда за технички преглед на возилото, како и доколку не е осигурен од автомобилска одговорност за штети причинети на трети лица;
- центарот за асистенција не бил навремено информиран за осигурениот случај на асистенција или ако осигуреникот или корисникот не се јавил во центарот за асистенција;
- осигуреникот организира услуги по ова осигурување без дозвола од центарот за асистенција или доколку услугата ја извршил изведувач кој не е одобрен од центарот за асистенција;
- осигуреникот даде лажни податоци за осигурувањето и за околностите на осигурениот случај на асистенција;
- случајот на асистенција настане при возење надвор од патната мрежа, за време на организирано натпреварување, тренинг, возење по дворови на фабрики, на автодроми и на други патеки направени за таа намена;
- случајот за асистенција се случи поради транспорт на радиоактивен материјал, несреќа предизвикана или претрпена од возило при транспорт на извори на јонизирачко зрачење наменети за употреба надвор од нуклеарна инсталација, кога тие извори ја предизвикале или ја влошиле несреќата;
- се предизвикани штети поради војна или поврзани настани и немири, протести, терористички чин, граѓанска војна и немири, мина, торпедо, бомби или друго оружје, ако се настанати поради заплена, одземање, затајување, ограничување или задржување, од надлежни државни органи, како последица на случувања или обиди да се изврши саботажа со политички мотиви, детонација на експлозивни уреди, запленување, узурпација или други слични мерки кои ги спроведува која било власт или друга слична организација која се бори за власт или поседува власт;

- се нуклеарни реакции: загуби или влошување на загубите предизвикани од оружје или уреди наменети за експлозија со промена на структурата на атомското јадро или кое било нуклеарно гориво, производ или радиоактивен отпад или кој било друг извор на јонизирачко зрачење и што е единствена одговорност на оператор со нуклеарната инсталација;
- за краток временски период се повторуваат дефекти од истата причина, а резултатот е неуспешна поправка на возилото по првичната интервенција на центарот за асистенција во месецот што му претходи на настанот (на пр., повторно откажување поради неисправен акумулатор);
- е испорака на гориво, доколку осигурувањето е склучено со покритие од основниот пакет S;
- се предизвикани од кражба на гориво;
- се предизвикани од полнење на неисправно гориво;
- се предизвикани од издишан или пукнат пневматик, доколку осигурувањето е склучено со покритие на основниот пакет S или напреден пакет M;
- се предизвикани од загуба, кражба или оштетување на клучевите од возилото;
- се предизвикани од вандализам или намерно предизвикана штета од осигуреникот;
- се предизвикани од чистење на патишта поради дефект или сообраќајна незгода (на пр., метеж на патиштата);
- се чистење на патишта поради временски услови и градежни зафати;
- со осигуреното возило управува лице кое нема соодветна возачка дозвола, или лице на кое официјално му е одземена возачката дозвола или на лицето му е изречена мерка забрана за управување со возило. Помош не се обезбедува кога во моментот на штетата возачот е помлад од пропишаната возраст или нема валидни потврди потребни со важечките прописи за управување со возило;
- случајот на асистенција настане поради тоа што во моментот на незгодата со возилото управува лице под дејство на алкохол. Се смета дека лицето е под дејство на алкохол во следниве случаи:
  - a) ако со анализа на крв или други методи за мерење на концентрацијата на алкохол во организмот се утврди повеќе од 0,0 ‰ за професионални возачи;
  - b) ако алкотестот е позитивен, но не изврши анализа на крв (ако земањето крв не е штетно за неговото здравје – хемофилија) за да се утврди точно степенот на неговата алкохолизираност;
  - c) ако по сообраќајната незгода или сличен настан одбие, оневозможи или со напуштање на местото на настанот го избегне утврдувањето на точниот степен на неговата алкохолизираност или ако консумира алкохол и на тој начин го оневозможи утврдувањето на количината на алкохол во крвта.
- во моментот на незгодата возачот е под дејство на дрога или други опојни средства. Се смета дека возачот е под дејство на дрога или други опојни средства во следниве случаи:
  - a) ако со стручен преглед се утврди дека покажува знаци на растроеност поради употреба на дрога или други опојни средства;
  - b) ако по сообраќајната незгода одбие, оневозможи или со напуштање на местото на настанот го избегне утврдувањето на присуство на дрога или други опојни средства во телото.
- е осигурен настан што е поврзан со која било од следниве физички состојби:
  - a) за каква било штета предизвикана на товарот или за негово исчезнување;
  - b) предизвикани од дејствување на природните сили (природни катастрофи);
  - c) ако возилото нема валиден документ за техничка исправност – што важи и за камиони/влечни возила и приколки;
  - d) предизвикани од проблеми со климатизација или оштетување на каросеријата, што не резултира со имобилизација на возилото;
  - e) предизвикани како очигледна последица од лошо одржување или механички дефект што бил познат при поаѓањето;
  - f) имобилизација на возила заради одржување;
  - g) материјали и резервни делови;
  - h) кои се случиле на лични предмети оставени во и/или на возилото;
  - i) царински и безбедносни трошоци, освен оние што се експлицитно договорени со осигурувачот;
  - j) патарина, паркинг, трошоци за гориво и билети за брод.

[2] Осигурувањето под овие Услови не обезбедува покритие за:
- градежни и земјоделски машини;
- возила кои се модифицирани без следење на законските одредби и/или без претходно одобрение од надлежните органи;
- возила што имаат скриени дефекти или фабрички грешки, доколку таквиот дефект е причина за осигурениот случај;
- нестандардни (специјални) приколки;
- нерегистрирани возила;
- стоки и животни кои се превезуваат;
- последици од оштетување на возилото за време на поморски транспорт;
- трошоците за услугата за откажување на која било автономна моторна единица која се наоѓа на возилото и која не е вклучена во неговото влечење;
- дневни трошоци, како што се трошоците за оброци или пијалаци што осигуреникот обично би ги имал на патувањето;
- трошоци за превоз и сместување кои првично биле планирани за патување на осигуреникот;
- трошоци за телефонски повици, освен оние направени во рамките на давање помош во согласност со одредбите на овие Услови.

[3] Покрај исклучоците од став 1 и 2 од овој член, осигурувачот не обезбедува покритие и нема да плати надомест за какви било последици од:
- намерни дејствија или измама од осигуреникот, корисниците или други лица кои го покренале случајот со осигурување;
- учество на осигуреникот како натпреварувач во кој било натпреварувачки спортски настан или во дисциплини за издржливост или брзина и подготвителни тестови за такви настани на која било опрема од копнена или воздушна локомотива (без разлика дали е моторизирана или не), како и спортови на снег или мраз врз (не)аматерска основа;
- експлозија на уред и радиоактивни нуклеарни ефекти;
- службени забрани, заплени или ограничувања од страна на полицијата или други органи;
- објавена или необјавена граѓанска или друга војна;
- општа мобилизација;
- какви било ограничувања од страна на надлежните органи во врска со работната сила и/или опремата;
- секој акт на саботажа или тероризам;
- секој социјален конфликт, како што се штрајкови, немири, протести;
- сите ограничувања на слободното движење на луѓе и стоки;
- епидемии или пандемии, од каков било инфективен или хемиски ризик;
- секаква интервенција иницирана и/или организирана на државно или меѓудржавно ниво од кое било владино или невладино тело или орган;

- виша сила.

## член 20: поврат на средства за плаќања извршени наместо осигуреникот

[1] Кога ќе настане осигурен случај на асистенција во странство, којшто е покриен со осигурување согласно со овие Услови, осигурувачот во целост му ги плаќа наведените услуги на давателот на услугата на асистенција.

[2] Осигурувачот има право да побарува од осигуреникот поврат на трошоците за плаќањата што ги извршил наместо него, за пружените и платените услуги на асистенција за оној дел од платените трошоци што не е покриен со ова или со друго осигурување склучено со осигурувачот, или за делот што ја надминува висината на осигурителното покритие.

## член 21: траење на осигурувањето

[1] Ако со Договорот за осигурување не е поинаку договорено, осигурителното покритие почнува со 24-тиот час од денот наведен во полисата како почеток на осигурувањето, доколку до тој ден е платена премијата, односно со 24-тиот час од денот на плаќање на премијата.

[2] Осигурувањето престанува по истекот на 24-тиот час од денот наведен во полисата како крај на осигурувањето.

## член 22: отуѓување на осигурени возила

[1] Во случај на промена на сопственикот на осигуреното возило, осигурувањето престанува да важи 24-тиот час од денот кога новиот сопственик ќе го преземе осигуреното возило.

[2] Осигуреникот има право да побара поврат на премијата за неискористеното времетраење на осигурувањето, доколку во изминатиот период на осигурување не настанал осигурен случај.

[3] Осигурувањето не се продолжува во случај на наследување на осигуреното возило.

## член 23: обврски на осигуреникот при настанување осигурен случај

[1] Кога ќе настане осигурен случај на асистенција, корисникот е должен веднаш или во најкраток можен рок да се јави во центарот за асистенција и да го информира за тоа. Во известувањето мора да ги даде своите податоци за идентификација, податоците за осигуреното возило и број на полисата за осигурување.

[2] Осигуреникот е должен да се придржува до насоките на осигурувачот. Само со посебна дозвола од осигурувачот, осигуреникот може да користи услуги од друг дaвател на услуги. Осигурувачот во тој случај ги покрива трошоците само до износот кој би го покрил доколку услугата ја обезбедил давател на услуги по негов избор.

[3] Осигуреникот сам ги плаќа услугите кои согласно со овие Посебни услови не се покриени во целост, освен ако не е поинаку договорено.

[4] Осигуреникот е обврзан да му ги врати на осигурувачот исплатените износи и другите трошоци за извршената услуга на асистенција со законски камати од денот на плаќањето, ако по давање на услугите се утврди дека штетниот настан е исклучен од осигурување или дека осигуреникот ги прекршил одредбите за обврски на осигуреникот во случај на асистенција согласно со ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

## член 24: примена на Општите услови за осигурување на автомобилска асистенција

[1] За сè што не е уредено со овие Посебни услови, како и за сè што е во спротивност со нив, се применуваат Општите услови за осигурување на автомобилска асистенција УС-аас/20-12-мк.

## член 25: влегување во сила

(1) Овие Посебни услови влегуваат во сила со денот на нивното донесување, а ќе се применуваат од 01.12.2021 година.

**Табела 1: Табела на покритија за автомобилска асистенција за товарни возила со лимити на покритието по пакети на услуги:**
Лимитот на покритието претставува максималната обврска на осигурувачот во врска со надоместокот на трошоците, а како последица на остварувањето на покриените ризици. Опсегот на организирањето на помошта и лимитот на покритието на услугите за асистенција зависат од избраниот пакет за осигурување за автомобилска асистенција, наведен во осигурителната полиса.
Видови пакети:
S – основен пакет
M – напреден пакет
L – премиум пакет.

| ПОКРИТИЕ/ПАКЕТ | S | M | L |
|---|---|---|---|
| Помош на пат поради дефект | x | 600 EUR | 600 EUR |
| Извлекување на возило | 5.000 EUR | 5.000 EUR | 5.000 EUR |
| Влечење или транспорт на возило | x | 1.500 EUR | 1.500 EUR |
| Испорака на гориво | x | √ | √ |
| Помош во случај на замена на пневматик | x | x | 1.500 EUR |
| Пренос (враќање) на возило од странство | 2.000 EUR | 2.000 EUR | 2.000 EUR |
| Трошоци за лежарина (привремен паркинг) на возило во странство | 300 EUR | 300 EUR | 300 EUR |
| Одјава на возилото | √ | √ | √ |
| Отстранување на товарот или стоката од приклучното возило кое има дефект | √ | √ | √ |
| Влечење (при несреќа/ кражба/ пожар) | 3.000 EUR | 3.000 EUR | 3.000 EUR |
| Сместување за времетраење на поправката на возилото | 1 ноќевање во Македонија или 2 ноќевања во странство: до 80 EUR за ноќ по осигурено лице | | |
| Трошоци за такси-превоз | max. до 100 km | max. до 100 km | max. до 100 km |
| Враќање во местото на живеалиште | Авион, воз, изнајмување автомобил за максимум 2 дена, такси-превоз | | |
| Преземање на возилото | Билет во еден правец: воз/авион/такси | | |